Lifelong Learning Programme

UNIVERSITY EDUCATORS FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT

# Универзитетски едукатори/наставници за одржлив развој (UE4SD) соопштение за медиумите

***Иднината со која се соочува високото образование за подобар свет***

Високото образование се соочува со една нова образовна иницијатива која има намера да го промени начинот на учење и подучување и да ги снабди студентите со нови вештини кои се потребни за справување со растечките општествени, економски и еколошки нееднаквости.

Универзитетски едукатори/наставници за одржлив развој (UE4SD) е проект кој опфаќа 55 партнери (во основа универзитети) од 33 држави во Европа и пошироко, со цел да се преиспитаат наставните планови на универзитетите и во нив да се вгради прашањето за одржлив развој. Станува збор за тригодишен проект што е финансиран од страна на Европската комисија во рамки на Програмата за доживотно учење (Lifelong Learning Programme - Erasmus Academic Networks), што ќе се фокусира на поврзување на образованието за одржлив развој со напорите да се унапреди квалитетот на високото образование во најопшта смисла на зборот. UE4SD ќе настојува да ги иновира академските практики и наставните планови преку креирање можности за универзитетските едукатори/наставници да ги развијат нивните професионални компетенции и лидерски способности во академската сфера во врска со образованието за одржлив развој. Со други зборови,проектот UE4SD ќе поддржи тренинг на наставниците за да бидат оспособени, независно од дисциплините што ги предаваат или од нивната потесна научна област, да ги подготвуваат своите студенти за разбирање на нивната глобална и професионална одговорност за одржливиот развој и истата да ја применат во рамки на нивната професија. Конечно, проектот UE4SD настојува да даде придонес за пренасочување на високото образование, на начин што ќе биде свртено многу повеќе кон иднината и ќе биде способно да ја поддржи изградбата на еден подобар свет.

Фокусот на проектот е иновативен бидејќи сѐуште не се знае многу за тоа во која мерка компетенциите на универзитетските едукатори/наставници за образование за одржлив развој се поддржани и развиени. За да се надмине оваа пречка, партнерите во проектот ќе изработат претходна студија со која ќе ги назначат и анализираат постојните можности за професионален развој во областа на образованието за одржлив развој, како на национално, така и на регионално ниво. Системското прибирање податоци и информации ќе резултира со четири регионални и еден заеднички извештај за состојбата во сите 33 држави-партнери во проектот. Притоа ќе се идентификуваат водечките практики, кои ќе претставуваат основа за соодветна публикација и интернет платформа на ресурси. Вака добиените ресурси ќе претставуваат поддршка за Академијата за образование за одржлив развој во високото школство, чија интенција е да ги поддржи институциите во високото образование во правец на реализирање програми за промени во областа на образованието за одржлив развој и професионалното усовршување.

Активностите во рамки на проектот UE4SD се тесно поврзани со Алијансата КОПЕРНИКУС, која претставува европска мрежа за одржлив развој во високото образование, како и со „Договорот за високо образование Рио+20“, кој беше усвоен на Конференцијата на Обединетите нации (ОН) за одржлив развој, одржана во Рио де Жанеиро во јуни 2012 година. Проектот се реализира под раководство на Универзитетот од Глостершаер (Велика Британија), кој тесно соработува со три главни партнери: Автономниот универзитет од Мадрид (Шпанија), Карловиот универзитет од Прага (Чешка Република) и Универзитетот Лојфана од Лунебург (Германија). Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, е партнер е во проектот UE4SD и ќе ги споделува и компарира сопствените професионални искуства со оние на другите партнерски институции,

тежнеејќи да покрене промени во наставните планови за воведување на прашањето за одржливост преку фокусирање на можностите за образование за одржлив развој.

Дополнителни информации:

E-mail: ue4sd@glos.ac.uk

Интернет: http://www.ue4sd.eu